**Обраќање на министерката за култура, Бисера Костадиновска Стојчевска на изложбата во НМРМ за 30 годишнината од монетарната самостојност**

Кога во почетокот на деведесеттите години од минатиот век Република Македонија ги поставуваше темелите на својата независност, пролетта 92-ра југословенскиот динар е заменет со денар. Печатени во најголема тајност во прилепската печатница, македонските денари имаа различна боја, но ист мотив на сите апоени –Македониумот во Крушево на предната, а Тутуноберачите на задната страна. Банкнотата, според квалитетот повеќе како вредносен бон, сепак испрати силна порака дека Република Македонија го постави столбот и на својата монетарна самостојност.
Во тие години, Народната банка одиграла огромна улога – со скромните државни резерви да одговори на многубројните предизвици. Вредносниот бон набргу требало да биде заменет со технички софистициран македонски денар. Народната банка на Македонија, препознавајќи ги чувствителноста на мигот и кревкоста на мирот, советува на новите банкноти да нема ликови од историјата туку симболи на македонската државност, култура и природа.

Второто издание на книжните пари, кои денеска се во употреба од 96-та година, покрај високиот квалитет и многубројните заштитни елементи, ги красат симболи од нашето непроценливо културно наследство.

Затоа изразувам благодарност за оваа изложба, организирана од Народната банка, во чест на 30-годишнината од нашата монетарна самостојност.

Од мермерното торзо на божицата Изида, паунот од крстилницата во Стоби, Ангелот од Курбиново, монета од времето на Јустинијан Втори, златната погребна маска од Требеништа, иконата Богородица Епискепсис, дел од фасадата на уникатната Света Софија во Охрид, фасадата на прекрасната Шарена џамија во Тетово и мермерниот под на Исак џамијата во Битола, непроценливите винички теракотни икони, македонската невестинска носија од Прилепско како дел од нашето етнолошко богатство до цветот на македонскиот афион. И еве ги пред нас.
Ќе сведочат еден ден за нас како што во трезорот на Народната банка се чуваат монетите од пајонските владетели, македонските кралски династии, до монетите на Отоманската Империја. Зашто парите се, исто така, сведоштво на историските епохи, но и на уметноста на цивилизациите. Затоа со сето срце го посакувам денот кога македонското културно богатство ќе биде отпечатено на еврото.

Луцидната Коко Шанел ќе рече: „Постојат луѓе кои имаат пари и луѓе кои се богати“. Според културното наследство, ние, секако, спаѓаме во овие вториве.
Платежните картички и електронското плаќање полека го преземаат пазарот на готовите пари. Во името на поколенијата, Народната банка има задача да ја зачува трагата и на ова време преку денарот. И да остане запишано дека можеби немавме многу, но секогаш имавме свое.